# ДЕСЕТ МАКЕДОНСКИ УМЕТНИЦИ УЧЕСНИЦИ НА II ТРИЕНАЛЕ

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ – СКОПЈЕ

личеноски

мартиноски

аврамовски

георгиев

кондовски

куновски

мазев

митриќески

хаџи бошков

шијаковиќ

5 — 15 ЈУНИ 1964

САЛА — РАБОТНИЧКИ ДОМ СКОПЈЕ

# личеноски лазар

Роден 1901. во Галичник. Починал во Скопје 1964. Завршил Уметничка школа во Белград, потоа од 1927—1929 студирал ѕидни техники во Париз. До 1945 живее во Белград, потоа доаѓа во Скопје каде што до крајот на животот работи како професор во Училиштето за применета уметност. Првпат излагал во 1928 во Париз колективно, а 1929 самостојно во Белград. Редовно излагал со белградската група ОБЛИК. Учествувал на повеќе изложби на југословенските уметници во странство: 1930 во Лондон, 1933 во Солун, 1934 во Прага и Софија, 1937 во Рим, 1947 во Букурешт, 1964 во Братфорд. Приредил седумнаесет самостојни изложби во Белград, Загреб и Скопје.

Октомвриска награда за 1959.

Учествувал на I триенале.

1. Оризови полиња — масло.
2. Портрет — масло.

# мартиновски никола

Роден во Крушево 1903. Академија за ликовна уметност завршил во Букурешт, студиите ги наставил во Париз. Првпат настапил 1928 во Париз. Самостојни изложби во земјата: во Скопје 1929, 1936, 1939, 1940, 1955, 1958; во Љубљана 1953 и 1954; во Нови Сад 1936; во Белград и Загреб 1954. Во странство: Париз 1954 и Дижон 1959. Пред војната настапувал на заедничките изложби на групите ОБЛИК и НЕЗАВИСНИ. Учествувал на сите изложби на ДЛУМ. Учествувал и на бројни изложби на југословенските уметници во странство — Њујорк и Вашингтон 1954, во Братфорд 1964 излагал на Есенскиот салон во Дижон 1959, на Графичкиот биенале во Љубљана 1956.

Учествувал на I триенале.

Награди за портрет во Букурешт 1927, на НО Скопје за 1953 и 1955 Октомвриска награда за 1959.

1. Пролет — масло на стакло 72 x 28 см.
2. Циганчиња — масло на стакло 70 x 38 см.

## авpамовски драгутин-гуте

Роден во Куманово 1931. Графика завршил во Академијата за применета уметност во Загреб. Излагал на изложбите на ДЛУМ, самостојно излагал 1958 во Скопје. Учествувал на Графичкото биенале во Љубљана 1957 и 1961 како и на изложбите на Југословенската графика во Кина, Бурма, Индија, Француска, Чиле, Мексико, Сад, Ленинград, Кијев, Москва, Беч, Лугано, Сан Франциско и на Медитеранското биенале во Александрија.

1. Композиција — масло, 55 х 40 см.
2. Композиција — масло, 46 х 65,5 см.

# георгиев ванчо

Роден во Скопје 1924. Академија за ликовна уметност завршил во Белград. Прв пат излагал 1952. Постојно излагал на изложбите на ДЛУМ и со групата МУГРИ. Самостојно излагал 1958 во Скопје, учествувал на изложбата на Југословенската уметност во Љубљана и Виена, на ДЛУМ во Дижон 1962. Со групата скопски уметници во Братфорд 1964.

Излагал на I триенале

1. Мртва природа — масло
2. Композиција — масло

# мазев петар

Роден во Кавадарци 1927. Академја за ликовна уметност завршил во Белград. Прв пат излагал 1953. Излагал на бројни изложби на ДЛУМ и со групата МУГРИ. Учествувал на сојузни изложби, како и на изложби на Југословенската графика во земја и странство.

Учествувал на I и IV медитеранско биенале во Александрија, на изложбите на современата југословенска уметност во Милано 1957, Лозана 1963, и современото македонско сликарство во Дижон 1962.

Учествувал на I триенале.

Награди:

САПИРО на изложбата Младо француско сликарство во Парис 1959.

Октомвриска награда 1960.

1. Композиција — масло.
2. Композиција — масло.

# митриќески боро

Роден во Прилеп 1927. Академија за ликовна уметност завршил во Загреб. Учествувал на изложбите на ДЛУМ и групата МУГРИ.

На изложбата Современа југословенска уметност во Рим 1962, како и на изложбата на ДЛУМ во Дижон 1962. Со групата скопски уметници во Братфорд 1964.

Учествувал на I триенале.

1. Пријатели — дрво.
2. Фигура — дрво.

# кондовски димитар

Роден во Прилеп 1927. Академија за ликовна уметност завршил во Белград. Излагал на колективни изложби во земјата со ДЛУМ, групите ДЕНЕС и МУГРИ на сојузни и други изложби.

Самостојно излагал во Скопје 1957 и 1963, во Загреб 1957, во Рим 1962, во Зрењанин 1963. Учествувал на изложби на југословенската уметност во странство.

Учествувал на I триенале.

Награди:

Откупна награда на медитеранското биенале во Александрија 1964.

1. Триптихон наречен „Ден", темпера и злато на панел, 122 x 55, 122 x 110, 122 x 55 см.

2. Полиптих — темпера и злато на панел 122 x 84 см.

# куновски спасе

Роден во Дебар 1929. Академија за ликовна уметност завршил во Загреб. Прв пат излагал 1953. Учествувал на бројни изложби на ДЛУМ и со групата МУГРИ. На сојузни изложби во земјата, Чехословачка 1958, Дижон 1962 и група скопски уметници во Братфорд 1964. Самостојни изложби во Скопје 1956 и Загреб 1957.

Учествувал на I триенале.

Награди:

Октомвриска награда за 1961.

1. Кловн — масло 112 x 82 см.
2. Композиција — масло 82 x 112 см.

# хаџи бошков петар

Роден во Скопје 1928. Скулптура завршил на Академијата за ликовна уметност во Љубљана. На специјализација бил во Лондон 1959—1960. Учествувал на изложбите на ДЛУМ и групата МУГРИ на сојузни изложби и други.

Самостојно излагал во Скопје 1959 и 1963 и Лондон 1960. Во Падова 1961, а 1961—62 на изложбите на Современата југословенска уметност во Париз, Рим и Милано, 1962 на Современата македонска уметност во Дижон и групата скопски уметници во Братфорд 1964.

Учествувал на I триенале.

1. Глава — метал.
2. Скулптура — метал.

# ШИЈАКОВИЌ ТОМО

Роден во 1930 во Косово Поле. Самостојни изложби: во Скопје 1952, 1953, 1954, 1955, 1958, 1959, 1962; во Белград 1957; во Ниш 1958. Учествувал на бројни изложби на ДЛУМ, на изложбата на скопските уметници во Братфорд.

1. 26 јули 5,17 — масло и злато на даска 60 х 80 см.
2. Распоп — масло и злато на даска 45 х 52 см.

УМЕТНИЦИ НА СРМ УЧЕСНИЦИ НА II ТРИЕНАЛЕ

Каталогот го издава Музејот на современа уметност. — Скопје. Уредник и ликовна опрема — Кондовски Димитар, академски сликар. Печатено во Графичкиот завод „Гоце Делчев“ — Скопје